Уп. бр. 08-135

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЕВЕ ГРОУП ДОО Белград со седиште на ул.Цара Душана бр.212, Земун 11080 Белград, Р.Србија, доставено преку Горан Нациќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 19.11.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото ЕВЕ ГРОУП ДОО Белград, со седиште на ул.Цара Душана бр.212, Земун 11080 Белград, Република Србија ќе стекне целосна контрола над друштвата: Трговско друштво ОБЛАК ТЕХНОЛОГИЈЕ ДОО Белград–Земун, со седиште на ул.Цара Душана бр.212, Земун, Белград, Република Србија, Трговско друштво ЛИСТ ЦОМПУТЕРС ДОО Белград (Земун), ул.Цара Душана бр.212, Земун, Белград, Република Србија, ОБЛАК ДОЦУМЕНТ СОЛУТИОНС ДОО Белград-Земун, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград, Република Србија, ОБЛАК КОДЕР ДОО Белград, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград, Република Србија, ЦЛОУДИС ДОО Белград-Земун, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград, Република Србија, Е ЦОНСТРУЦТИОНС ДОО Белград-Земун, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград, Република Србија, ЕВЕ ЛОГИСТИЦС ДОО Белград, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Република Србија, ЕВЕ МОНТЕНЕГРО ДОО ПОДГОРИЦА, ул.8 Март бр.55 Подгорица, Република Црна Гора и Друштво за трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер ИВ ДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, ул.9-ти Мај бр.5 Центар, Скопје, Република Северна Македонија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на

сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 17.09..2025 година, а дополнето на ден 15.10.2025 година и 24.10.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ЕВЕ ГРОУП ДОО Белград, со седиште на ул.Цара Душана бр.212, Земун 11080 Белград, Република Србија, со кое ЕВЕ ГРОУП ДОО Белград ќе стекне целосна контрола над друштвата: Трговско друштво ОБЛАК ТЕХНОЛОГИЈЕ ДОО Белград–Земун, со седиште на ул.Цара Душана бр.212, Земун, Белград, Република Србија, Трговско друштво ЛИСТ ЦОМПУТЕРС ДОО Белград (Земун), ул.Цара Душана бр.212, Земун, Белград, Република Србија, ОБЛАК ДОЦУМЕНТ СОЛУТИОНС ДОО Белград-Земун, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград, Република Србија, ОБЛАК КОДЕР ДОО Белград, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград, Република Србија, ЦЛОУДИС ДОО Белград-Земун, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград, Република Србија, Е ЦОНСТРУЦТИОНС ДОО Белград-Земун, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград, Република Србија, ЕВЕ ЛОГИСТИЦС ДОО Белград, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Република Србија, ЕВЕ МОНТЕНЕГРО ДОО ПОДГОРИЦА, ул.8 Март бр.55 Подгорица, Република Црна Гора и Друштво за трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер ИВ ДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, ул.9-ти Мај бр.5 Центар, Скопе, Република Северна Македонија, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-Друштвото **ЕВЕ ГРОУП ДОО Белград** има предмет на работење-дејност на холдинг компанија и моментално не се занимава со активности, меѓутоа, истото физичко лице кое е сопственик на ЕВЕ ГРОУП ДОО Белград е сопственик и на Друштвото ЕВЕ ЦОМП ДОО Белград. ЕВЕ ЦОМП ДОО Белград е друштво за производство и монтажа на компјутерска и телекомуникациска опрема со седиште на ул.Цара Душанаа 212, и врши дистрибуција и големопродажба на ИТ опрема и потрошувачка електроника.
ЕВЕ ЦОМП ДОО Белград е присутно во Република Северна Македонија преку продажба на своите производи. Најголем дел од продажбите во Северна Македонија се остварени кон **ИВ ДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје.**

- **Трговско друштво ОБЛАК ТЕХНОЛОГИЈЕ ДОО Белград–Земун**, со седиште на ул.Цара Душана бр.212, Земун, Белград и предмет на работење - производство на компјутери и периферна опрема;

-**Трговско друштво ЛИСТ ЦОМПУТЕРС ДОО Белград (Земун)**, ул.Цара Душана бр.212, Земун, Белград и предмет на работење трговија на мало со компјутери додатни единиц и софтвер во специјализирани продавници;
-**ОБЛАК ДОЦУМЕНТ СОЛУТИОНС ДОО Белград-Земун**, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград и предмет на работење дејности на библиотека и архива;
-**ОБЛАК КОДЕР ДОО Белград**, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград и предмет на работење компјутерско програмирање;
-**ЦЛОУДИС ДОО Белград-Земун**, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград и предмет на работење компјутерско програмирање;
-**Е ЦОНСТРУЦТИОНС ДОО Белград-Земун**, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград и предмет на работење изградба на станбени и нестанбени згради;
-**ЕВЕ ЛОГИСТИЦС ДОО Белград**, ул.Цара Душана бр.212 Земун, Белград и предмет на работење товарен патен транспорт;
-**ЕВЕ МОНТЕНЕГРО ДОО ПОДГОРИЦА**, ул.8 Март бр.55 Подгорица и предмет на работење трговија на големо со компјутери, компјутерска опрема и софтвери;
помеѓу кои и едно друштво со седиште во Република Северна Македонија:
-**Друштво за трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер ИВ ДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје**, ул.9-ти Мај бр.5 Центар и предмет на работење трговија на големо со информатичка и комуникациска опрема.

Горенаведените целни друштва од Република Србија и Црна Гора немаат поврзани друштва, приходи или активности во Република Северна Македонија.

Учесниците во концентрацијата како релевантен пазар за оцена на предложената концентрација ги земаат: дистрибуцијата, системската интеграција, малопродажбата, транспортот и логистиката на ИТ опрема и потрошувачка електроника, дејности на изградба на станбени и нестанбени згради и активности на библиотека и архива.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 в) (ii) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**